**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Александар Македонски“ бр.70А Градско
тел: +38943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mk gradsko1@t.mk www.gradsko.gov.mk

УП бр.12-105
Бр.на постапка 57511
од 14.12.2023 година
Општина Градско

Градоначалникот на Општина Градско, решавајќи по барањето поднесено под УП број 12-105 од 03.12.2023 година, за одобрување на планска програма, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020 и 111/23) го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува Планска програма, со УП број 12-105, број на постапка 57511 од 03.12.2023 година, изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, за изработка на Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, поднесе барање за одобрување на Планска програма, со УП број 12-105, број на постапка 57511 од 03.12.2023 година, изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, за изработка на Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Барање за одобрување на Проектна програма,
2. Планска програма со тех.бр.12/23 од декември,2023 година, изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес,
3. Графички прилог на проектната програма,
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден бр.0805-60/2, изработен од Друштво за катастарски и геодетски работи “Геовизија“ ДООЕЛ - Кавадарци,
5. Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр.УП1-15 2476/2023 од 28.11.2023 година, од Министерство за животна средина и просторно планирање,
6. Услови за планирање на просторот од Агенција за планирање на просторот со тех.бр.Y41023 од ноември 2023 година,
7. Имотен лист со бр.15, со деловоден бр.1105-9537/2023 од 25.07.2023 година, издаден од Агенција за катастар на недвижности,

8. Имотен лист со бр.40, со деловоден бр.1105-7781/2023 од 13.06.2023 година, издаден од Агенција за катастар на недвижности,
9. Имотен лист со бр.65, со деловоден бр.1105-7820/2023 од 13.06.2023 година, издаден од Агенција за катастар на недвижности,
10. Полномошно со број УЗП 1207/2023 од 06.03.2023 година во Скопје.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Градско, по разгледувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување со УП бр.12-105 од 14.12.2023 година.

Градоначалникот на Општината Градско по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:**

Против ова Решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

на Општина Градско
**Киро Нацков**

Kiro Nackov
Digitally signed by Kiro Nackov
DN: C=MK, OU=VAT - 4004004117484, OID.2.5.4.97=NTRMK-6003796, O=Opshtina Gradsko, SERIALNUMBER=164678, T=Gradonacalnik, SN=Nackov, G=Kiro, CN=Kiro Nackov
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023.12.14 14:25:58+01'00'
Foxit PDF Reader Version: 12.1.3